Благоја ЈАНАКОВ УДК: 159.923.01

# ТРОЈНОСТ ВО ПСИХОЛОШКАТА ТЕОРИЈА ЗА ЧОВЕКОТ НА *Б. Г. АНАНЈЕВ**

*Човекот е составен од три потсистеми: индивидуа, личност и субјект.*

Б. Г. Ананјев

***Кратка содржина***

*Врв на грандиозното творештво на Б. Г. Ананјев е психолошката теорија за човекот. Една изразена формална особеност на теоријата е тројноста/тринарноста (три дела, три облици, три аспекти, три функции и др.) на човекот и психичките појави. Основни потсистеми на човекот: индивидуа, личност и субјект. Компоненти на индивидуата: првични, вторични и интегративни својства. Компоненти на личноста: првични, вторични и интегративни својства. Функции на личносното јадро: интегративна, саморегулативна и контролна. Потсистеми на субјектот: субјект на практичната дејност/трудот, субјект на општењето и социјалното поведение, и субјект на спознавањето. Субјектот има три групи на особености. Основни фактори на психичкиот развој: природни, општествени и активност на единката. Основни линии на индивидуалниот психички развој: онтогенетска еволуција на психофизиолошките функции, развој на единката како субјект и животен пат/историја на личноста. Етапи на личносниот развој: изградување, подем и финиш. Компоненти на функциите/процесите: функционални, операциони и мотивациони. Три класи на активност: практична, комуникативна и гностичка. Кај луѓето е присутно општо, особено и единствено. Три облици на психолошко спознавање: практично, уметничко и научно. Во текстот е укажано на неколку теории/концепции во кои тројноста или двојноста е истакнатата формална особеност.*

***Клучни зборови:*** *ПСИХОЛОШКА ТЕОРИЈА ЗА ЧОВЕКОТ НА АНАНЈЕВ, ТРОЈНОСТ, ДВОЈНОСТ.*

---

* Белешка: Текстов е верзија на трудот *Тройность в творчестве Б. Г. Ананьева*. Трудот е презентиран на меѓународната годишна конференција „*Ананьевские чтения*", одржана од 23 до 25 октомври 2007 г., на Факултетот по психологија при Санкт-Петербуршкиот државен универзитет. Ананјев бил иницијатор за прераснување на одделението за психологија во факултет по психологија, што се случило во 1966 г., и бил декан на факултетот. Тој е основач на Ленинградската/Санкт-Петербуршката психолошка школа. (Една од новите публикации за оваа школа е издадена под редакција на Цветкова и Крилов во 2007 г.) Во 2007 г. се навршија сто години од неговото раѓање. Резиме на трудот е отпечатено во зборник на резимеа од конференцијата.

Творештвото на Борис Герасимович Ананјев (1907–1972) е грандиозно. (Од бројните понови текстови за неговото творештво се издвојуваат две книги на неговата следбеничка Логинова, 2005, 2006.) Врв на неговото творештво е психолошката теорија за човекот/особата (Ананјев, 1968, 1977, 1980, 2000, 2001, 2007 и др.; на македонски јазик опсежен приказ на неговата теорија е содржан во мојата книга од 2003 г.) Теоријата се именува и како синтетска теорија/концепција за човекот. Со оваа теорија тој стана еден од основоположниците на современото психолошко човекознаење или, како Логинова укажа, на современата антрополошка психологија, и, пошироко, на современото човекознаење (в. на пример Хасанова, 2007).

Една мошне изразена формална особеност на оваа теорија е тројноста/тринарноста (три дела, три облика, три аспекти, три функции итн. на човекот и психичките појави). Во текстов концизно се наведени тројностите во теоријата.

- Основни потсистеми на човекот: индивидуа, личност и субјект.
- Компоненти на индивидуата: првични, вторични и интегративни својства.
- Компоненти на личноста: првични, вторични и интегративни својства.
- Првични особености на личноста: (1) статус, (2) социјални функции/улоги, и (3) цели и вредности.
- Внатрешниот свет, себството (самосвеста) и саморегулацијата се структурирани и дејствуваат како „јас“.
- Функции на личносното јадро: интегративна, саморегулативна и контролна.
- Подсистеми на субјектот: субјект на практичната дејност/трудот; субјект на општењето и социјалното поведение; и субјект на спознавањето.
- Групи карактеристики на субјектот: (1) свест и дејност; (2) технички средства на трудот и знаења и вештини за оперирање со знаковни системи; (3) творештво, способности и талент.
- Средствата (орудијата) се засилувачи, забрзувачи и преобразувачи на психофизиолошките функции на човекот.
- Општење, поведение, дејност.
- Основни класи активности: практична, гностичка и комуникативна.
- Компоненти на психичките функции/процеси: функционални, операциони и мотивациони.

- Нивои на видтата и слушната функција: сензорно, перцептивно и аперцептивно.
- Категории на виши мотиви: социјално-етички, гностички и естетски.
- Категории вредности: социјално-морални, естетски и гностички.
- Индивидуалноста е целосност на човекот/особата, која има три подсистеми: индивидуа, личност и субјект.
- Кај човекот има: општо, особено и единствено.
- Основни фактори на индивидуалниот развој: природни, општествени и активност на човекот.
- Возраста на човекот е конвергенција на биолошкото, историското и психолошкото време.
- Облици на време (во врска со развојот): биолошко, историско и психолошко.
- Линии на индивидуално-психичкиот развој: (1) онтогенетска еволуција на психофизиолошките функции, (2) изградување на дејноста и историја на развојот на човекот како субјект на трудот, општењето и спознавањето, и (3) животен пат/историја на личноста.
- Етапи на личносниот развој: изградување, подем и финиш.
- Можно е Ананјев да издвоил три групи на односи: (1) кон други луѓе, (2) кон животни ситуации, услови и збиднувања, и (3) кон себе.
- Во согласност со претходното, може да се претпостави дека три главни процеси на карактерформирањето се преобразбите на тие три групи односи во карактерни црти.
- Облици на психолошко спознавање: практично, уметничко и научно-психолошко.

Тројноста е присутна и во концепцијата за начините на човечкото суштествување на видниот современ англискиот психолог и филозоф Р. Харе (Harre, 1983, 1991, 1993 и др.), кој работи во областа на човекознаењето.

- ❑ Начини на суштествување: телесен, личен и социјален.
- ❑ Аспекти на животниот век: биолошки, личен и социјален.
- ❑ Аспекти на менталноста: пројавување, дејствување и остварување.
- ❑ Облици на индивидуалноста: емпириско лично суштествување (автобиографија), формално лично суштествување (свесност) и практично лично суштествување (дејственост).

Тројноста е формална особеност и на некои не-академски концепции за човекот. Особено е изразена во христијанската, посебно во православната, концепција за човекот. Овде се наведува само една, клучна, тројност на оваа концепција: човекот е целина составена од тело, дух и душа.

Дури и со површен преглед на познатите психолошки теории и концепции создадени во XX век лесно се воочува дека двојноста (бинарноста или дуалноста) е мошне изразена особеност на Јунговата теорија (в. на пример Samuels et al., 1986; Sharp, 1991/Шарп, 2006; Hol, Lindzi, 1986).

- Делови на човечката менталност: свесно и несвесно.
- Делови на несвесното: колективно и лично.
- Компоненти на несвесното: архетипови и комплекси.
- Две групи психички функции: надворешни и внатрешни.
- Основни компоненти/подсистеми на личноста:
  – персона и сенка
  – анима и анимус
  – его и јаство.
- Ориентации на личноста: интроверзија и екстраверзија.
- Два дела на индивидуалниот развој: до 40 и после 40 години.

Содржината на текстов насочува кон поопшто прашање: Што во менталноста е поприсутно – двојноста или тројноста? Ова прашање нема да биде разгледано поради тоа што, прво, не е лесно аргументирано да се одговори и, второ, тоа не е тема на овој труд. Но авторот на овој текст е убеден дека, од познатите психолошки теории и концепции, двете теории во кои двојноста или тројноста е најизразена – теоријата на Јунг и теоријата на Анањев – содржат најкомплексна претстава за човечката менталност. Ниту еден инаков пар на познати психолошки теории не дава поопфатна претстава за човечката менталност и, пошироко, за човекот. Тие две теории се меѓусебно мошне различни, но во голема мера се комплементарни.

(Рецензент: *проф. д-р Елена Ачковска Лешковска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Анањев Б. Г. 1945. *Васпитање карактера ученика*. Београд: Просвета.

Ananjev B. G. 1946. *Odgajanje karaktera učenika*. Zagreb: Nakladni zavod Hrvatske.

Ананьев Б. Г. 1968 . *Человек как предмет познания*. Ленинград: Изд. ЛГУ.

Ананьев Б. Г. 1977. *О проблемах современного человекознания*. Москва: Наука.

Ананьев Б. Г. 1980. *Избранные психологические труды*. Том 1 и 2. Москва: Педагогика.

Ананьев. Б. Г. 2000. *О проблемах современного человекознания*. 2-е изд. Санкт Петербург: Питер.

Ананьев Б. Г. 2001. *Человек как предмет познания*. 3-е изд. Санкт Петербург: Питер.

Ананьев Б. Г. 2007. *Избранные труды по психологии*. Т. 2. Развитие и воспитание личности. Санкт Петербург: Изд. С. – Петербургского университета.

Ананьевские чтения – 2007. *Материали научно-практической конференции* 23–25 октября 2007 года. Ред. Л. А. Цветкова. Санкт Петербург: Изд. С. – Петербургского университета.

Јанаков Б. 2003. *Современа психологија на личноста*. Скопје: ЦРСП.

Логинова Н. А. 2005. *Опыт человекознания. История комплексного подхода в психологических школах*, В. М. Бехтерева и Б. Г. Ананьева. Санкт Петербург: Изд. С. – Петербургского университета.

Логинова Н. А. 2006. *Борис Герасимович Ананьев*. Санкт Петербург: Изд. С. –Петербургского университета.

Samuels A., Shoter B., Plaut F. 1986. *A critical dictionary of Jungian analysis*. London: Routledge and Kegan Paul.

Хасанова Г.Б. 2007. *Антропология*. 2-е изд. Москва: Кнорус.

Harre R. 1983. *Personal being*. Oxford: Blackwell.

Harre R. 1991. *Physical being*. Oxford: Blackwell.

Harre R. 1993. *Social being*. 2-nd ed. Oxford: Blackwell.

Hol K. S., Lindzi G. 1986. *Teorije licnosti*. Beograd: Nolit.

Цветкова Л. А., Крылов А.А. (ред.) 2007. Петербургская школа психологии: прошлое, настоящее, будущее. 2-е изд. Санкт Петербург: Изд. С. – Петербургского университета.

Шарп Д. 2006 (оригинално издание: 1991). *К. Г. Юнг лексикон*. Плевен: Леге Артис.

Благоя ЯНАКОВ

# ТРОЙНОСТЬ В ПСИХОЛОГИЧЕСКОЙ ТЕОРИИ ЧЕЛОВЕКА Б. Г. АНАНЬЕВА

**_Короткое содержание_**

*Вершина творчества Б. Г. Ананьева - психологическая теория человека. Выражена формальная характеристика теории – тройность (три части, три форми, три аспекти, три функции и т.д.) человека и психических явлений. Основные подсистемы человека: индивид, личность и субъект. Компоненты индивида: первичные, вторичные и интегративные свойства. Компоненты личности: первичные, вторичные и интегративные свойства. Функции ядра личности: интегративная, саморегулятивная и контрольная. Подсистемы субъекта: субъект практической деятельности/труда; субъект общения и социального поведения; и субъект познания. Три группы характеристик субъекта. Основные факторы индивидуального развития: природные, общественные и активность человека/особы. Линии индивидуально-психического развития: онтогенетическая эволюция психофизиологических функций; становление деятельности и история развития человека как субъекта труда, общения и познания; и жизненный путь/история личности. Этапы личностного развития: становление, подъем и финиш. Основные классы активности: практическая, гностическая и коммуникативная. Компоненты психических функций/процессов: функциональные, операционные и мотивационные. У человека имеется общее, особенное и единственное. Формы психологического познания: практическая, художественная и научно-психологическая. В тексте сделано несколько указаний на теории/концепии в которых двойность или тройность выраженная формальная особенность.*

**Ключевие слова**: *ПСИХОЛОГИЧЕСКАЯ ТЕОРИЯ ЧЕЛОВЕКА АНАНЬЕВА, ТРОЙНОСТЬ, ДВОЙНОСТЬ.*